РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2522/2
30-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-2522/1 од 19.09.2025 година, против лицето -------------------------, декан на -------------- Факултет при Универзитетот „-----------------------"-----------------, **СЕ ЗАПИРА**, поради тоа што пријавата не укажува на постапување спротивно на забраните од членот 8-а од Изборниот Законик.

Предметот со број 12-2522/1 од 19.09.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 19.09.2025 година, од страна на непознат подносител е доставена пријава за наводно прекршување на забраните од членот 8-а од Изборниот Законик, од страна на деканот на ---------------- Факултет при Универзитетот „-----------------------------"-----------, ---------------. Имено, подносителот во пријавата наведува дека пријавениот свикал седница на Наставно-Научниот Совет на ---------------- Факултет и на ден 16.09.2025 година бил извршен избор на тројца продекани на факултетот, со што смета дека е прекршен Изборниот законик поради тоа што е извршено унапредување на избраните лица за продекани, а со тоа и добивање на повисока плата.

Државната комисија по разгледување на пријавата, констатира дека истата не укажува на постапување спротивно на забраните од членот 8-а од Изборниот Законик.

Имено, посочената одредба од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот Законик, забранува да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен

однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Постапката за избор на продекан е уредена со Законот за високо образование („Службен весник на РСМ“ бр.82/18, 178/21 и 58/24) и со Статутот на ----------------- факултет – ----------- од април 2019 година. Имено, согласно со член 110 став 1 алинеа 4 од Законот за високо образование, Наставно-Научниот Совет избира продекани, а согласно со член 115 став 2 од истиот Закон, Факултетот може да има еден или повеќе продекани, кои ги предлага деканот. Постапката за избор и разрешување на деканот и продеканите, поблиску се уредуваат со Статутот на факултетот, во согласност со Статутот на универзитетот. Со членот 57 од Статутот на ------------------ факултет – -------------- е определено дека продеканите, на предлог на деканот, ги избира Наставно - Научниот Совет од редот на редовните, вонредните професори и доцентите, на првата седница по стапувањето на должност на деканот. Гласањето за предлог кандидатите за продекани се врши со тајно гласање, поединечно за секој кандидат на посебно гласачко ливче.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК констатира дека во пријавениот случај не станува збор за постапување спротивно на забраните од членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот Законик, поради тоа што не се работи за постапка за вработување на нови лица, туку за постапка за избор на продекани од страна на Наставно - Научниот Совет на факултетот, преку тајно гласање, со што се исклучува можноста за било каков вид на влијание врз правото на избор, а притоа изборот се врши од редот на постојните вработени на факултетот.

Поради тоа ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК